Влада на Република Северна Македонија

Генерален секретаријат

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: Македонски центар за меѓународна соработка

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според податоците во Централен регистар): 4878256

Седиште и адреса (улица, број, општина): ул. Никола Парапунов 41А, Поштенски факс 55, 1060, Скопје

Застапник: Александар Кржаловски, директор

Веб страница: www.mcms.mk

Електронска пошта (e-mail): mcms@mcms.mk

Телефонски број за контакт: 070-255-750

Лице за контакт: Александар Кржаловски

**Предлог- иницијатива**

**за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2026 година**

**Наслов на иницијативата:** **Реформа на државното финансирање за граѓанските организации и зголемување на државното финансирање**

**Стратешки приоритет:** (поврзаност со стратешки приоритет на Владата, согласно Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2024-2028 https://vlada.mk/strateshki-prioriteti?ln=mk)

Стратешка приоритет: Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија

VI. Права и слободи – Поддршка на граѓанскиот сектор

**НППА:** (поврзаност со пристапни партнерства и соодветна идентификација на поглавје и подрачје https://mep.gov.mk/mk-MK/eu-integracii/nacionalnata-programa-za-usvojuvanje-na-pravoto-na-eu)

Согласно на НПАА 2021-2025: 1. Политички критериуми / 1.1. Демократија / Граѓанско општество

Среднорочен приоритет: Ќе продолжи обезбедувањето средина за развој и унапредување на граѓанскиот сектор, преку континуирано спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор со Акциски план за периодот 2022-2024.

**Образложение:** (опис на состојбите, причини за проблемите кои се предмет на разгледување, цел на предлогот, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт)

Последните анализи покажуваат дека средината за функционирање на граѓанските организации во државата е генерално позитивна, но се уште постојат клучни области за развој, особено во правната и финансиската рамка. Нацрт извештајот од скринингот на кластерот Фундаменталс на земјата од Европската комисија во резимираните наоди истакнува дека се потребни низа подобрувања истакнувајќи ја финансиската поддршка за граѓанските организации. Процесот на реформа на државното финансирање стагнираше во 2023 и во 2024. Иако беше предвидено со Стратегијата за соработка со и развој на ГО во периодот 2022-2024, не се оствари ниту една од петте мерки од Стратешка цел 4. Унапредување на системот на државно финансирање на граѓанските организации. Односно, до 2024 не се зголеми државното финансирање доволно за да ја постигне зацртаната цел од 30% од вкупните приходи на граѓанските организации, Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите не прерасна во хоризонтален и задолжителен подзаконски акт за сите органи на државната управа, не беа направени потребните измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри а ниту пак се формира независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество и кофинансирање на проекти финансирани од Европската Унија, со што ќе се воспостави транспарентен и доверлив модел за државно финансирање.

Функционирањето на граѓанското општество е клучен показател за демократската клима во земјата, а кога тоа не е на задоволително ниво тогаш доведен е во прашање и напредокот на земјата како и нејзиното приближување кон Европската Унија.

Со оглед на претходно кажаното, нашиот предлог од 2025 година останува ист и во 2026 година и предлагаме Владата во Програмата за работа во 2026 година да ги опфати следните елементи поврзани со државното финансирање за граѓанските организации:

**а) Зголемување на државното финансирање за граѓанските организации**

Неопходно е Владата да преземе мерки за достигнување на регионалните практики со акцент на финансиската поддршката која ја имаат граѓанските организации од државата споредбено со нивните вкупни приходи. Оттука нашиот предлог е во 2026 година финансирањето на граѓанските организации од страна на државата да достигне најмалку 30% од вкупните приходи на граѓанските организации. Според последната достапна анализа за државното финансирање направена од Одделението за соработка со НВО при Генералниот секретаријат на Владата, во 2023 година биле доделени вкупно 1.346.631.075 денари финансиска поддршка на здруженија и фондации што претставува 9.89% од вкупните приходи на граѓанските организации во таа година.[1] Зголемувањето на државното финансирање за граѓанските организации треба да се дефинира во годишната програма за работа на Владата како посебна точка. За поголема одржливост и предвидливост на државното финансирање, потребно е однапред да се подготви план за висината на средства за најмалку три следни години, а засновано на просекот на годишните

[1] Извор: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/1072024_Izveshtaj%20za%20finansiranje%202023.pdf

приходи во граѓанскиот сектор во претходните три години. За следната година (2026), согласно податоците од погоре, треба да се определат 4 милијарди денари за оваа намена.

Овој предлог е продолжение на претходните поднесени иницијативи од страна на МЦМС[2] и се уште се залагаме за остварување на оваа иницијатива. Дополнително, 2025 година е сеуште исклучително кризна година за граѓанското општество преку големи кратења на средства од странски донатори и за надминување на самата ситуација потребно е државата конечно да ја преземе улогата на главен донатор на граѓанскиот сектор.

Исто така, регионалните практики укажуваат значително поголема поддршка на Владите за граѓанските организации (Србија над 120 милиони евра, Хрватска 230, а Словенија 300 милиони евра, и тоа според анализа од 2021 година). Конечно, постепеното зголемување на локалното (државното) финансирање на граѓанските организации (на сметка на меѓународните донатори) е една од обврските во процесот на пристапување кон Европската Унија.

Во оваа насока, предлагаме Владата преку својата Програма за работа во 2026 година да се заложи за продолжување на активностите за сеопфатна реформа на државното финансирање на граѓанските организации. Имено, преку работата на работната група за измени и дополнувања на Законот за здруженија и фондации, потребно е претставниците на државните институции поинтензивно да работат на подобрување на институционалната поставеност на системот на државно финансирање на граѓански организации и формирање на независен Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество.

**б) Кодексот на добри практики за финансиска поддршка на здруженијата на граѓани и фондациите да се трансформира во задолжителен подзаконски акт**

Програмата на Владата за 2025 година да го предвиди донесувањето на задолжителниот законски акт за финансиска поддршка за граѓански здруженија кој ќе важи за сите органи на државната управа. Донесувањето на овој акт е во согласност со мерките на претходната (2022-2024) и на тековната Стратегија (2025-2028) и истиот требаше да биде донесен уште во 2022 година (според временската рамка на Стратегијата за периодот 2022-2024). Овој акт е особено важен за да се обезбеди транспарентност и отчетност во начинот на доделување средства за граѓанските организации и кој ќе биде аплициран од страна на **сите државни институции без исклучок**.

**в) Граѓанските здруженија и фондации (и само тие) да се финансираат само од конто 463 од Буџетот**

Иако се користат исти извори на податоците, различни анализи и извештаи направени од државни институции или од граѓанските организации даваат различни бројки за државното финансирање, со значителни разлики, кое покажува дека немаме јасна и точна слика за вкупна финансиска поддршка од државата за граѓанските организации. Главната причина за ова е бидејќи финансиски средства за граѓанските организации се доделуваат на повик или без повик преку контото 463 но и преку други буџетски конта, како и фактот што на повици за граѓански организации или со директни договори се доделуваат финансиски средства на други правни субјекти регистрирани по различни закони а се известува како финансиска поддршка за здруженија и фондации.

Предлагаме во Програмата за работа на Владата за 2026 година да се предвиди механизам со кој државните средства наменети за граѓанските организации (а не и за другите субјекти на граѓанското оопштество, како спортски друштва и федерации, синдикати, стопански комори, организации на

[2] Види повеќе на: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/77

работодавачите, цркви и верски заедници – кои се регистрирани според други закони, а не согласно со Законот за здруженија и фондации) ќе се распределуваат од Конто 463 од Буџетот.

**г) Да се направи консолидација меѓу Одделението за соработка со граѓански организации при Генералниот секретаријат на Владата и граѓанските организации за тоа како се прибираат и како се објавуваат информациte за вкупно доделени државни средства за граѓански организации**

Како продолжение на претходната точка, сметаме дека е неопходно да се направи консолидација на начинот како се прибираат и како се објавуваат информациите за доделени државни средства за граѓански организации. Оваа консолидација е потребно да се направи помеѓу Одделението за соработка со невладини организации при Генералниот секретаријат во Владата (Одделението) и граѓанските организации кои го следат и известуваат за државното финансирање на граѓанските организации. Причината за ова барање е немањето на јасна и целосна слика за вкупните средства кои се доделуваат од државата (централна и локална власт) до граѓанските организации. Имено, различни анализи и извештаи направени од државни институции или од граѓанските организации даваат различни податоци за годишното државно финансирање, покажувајќи значителни разлики. Начинот како да се направи оваа консолидација треба да биде предмет на договор остварен помеѓу Одделението и граѓанските организации кои го следат државното финансирање, а со цел на годишно ниво да се објавуваат проверени и точни податоци за државното финансирање кои ќе бидат достапни за сите заинтересирани страни.

**Надлежен орган на државната управа:** (надлежно министерство за спроведување на иницијативата)

Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија

**Очекувани влијанија:** (економски влијанија, социјални влијанија, влијанија врз животната средина, административни влијанија и трошоци)

Предлог-иницијативата се очекува да го подобри опкружувањето во кое функционираат граѓанските организации со што ќе се зајакне граѓанското општество и структурниот дијалог меѓу Владата и граѓанското општество, што ќе придонесува и ќе дава поддршка на патот на реформите за интеграција на земјата во Европската Унија.

Иницијативата ќе придонесе кон поголема одржливост на граѓанските организации преку зголемување на средствата, воведувањето на фонд за граѓанските организации и предвидување средства за континуиран и сеопфатен развој на граѓанските организации во државата.

Предлог-иницијативата ќе ја зголеми довербата меѓу граѓанските организации и Владата, преку воспоставување на транспарентен и отчетен начин на распределба на средствата од буџетот.

На овој начин Владата ќе може да одговори на реалните потреби на граѓанските организации и реализирање на активности и програми од важност за секој граѓанин во нашето општество.

**Финансиски импликации:** (доколку иницијативата има финансиски импликации, се наведува дали се обезбедени потребните средства и од кои извори)

Реформата на системот на државно финансирање на граѓанските организации има финансиски импликации. Со овој предлог, се предлага државното финансирање од сегашните 1,3 милијарда денари

(состојба за 2023), да се зголеми на 4 милијарди денари во 2026 (и тоа само за здруженијата на граѓани и фондации, регистрирани според тој Закон, а не и другите форми на здружување – комори, синдикати, верски заедници).

Дел од средствата може да се обезбедат од измени во Законот на игри на среќа, а дел да бидат директно предвидени од Буџетот. Работната група за реформа на државното финансирање ќе даде предлози за изнаоѓање решение од каде точно ќе се повлечат средства и како ќе се постави системот за државно финансирање на граѓанските организации. Донесувањето на законските акти ќе се спроведе во склоп на редовните работни активности на органите на државната управа како и редовните работни активности на граѓанските организации.

**Прилози** (се наведува насловот и авторот, со линк до документот доколку е достапен електронски)

Мониторинг матрица за овозможувачко опкружување за развој на граѓанското општество, Извештај за Република Северна Македонија 2023, (2024), автор: Даниел Станоевски, издавач МЦМС

Спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, Извештај за спроведување на активностите од Акцискиот план (2025) автор: Валентина Величковска, издавачи МЦМС и ГРЦ

Мониторинг матрица за овозможувачко опкружување за развој на граѓанското општество, Извештај за Република Северна Македонија 2022 (2023), автори: Снежана Камиловска Трповска, Валентина Величковска, издавач МЦМС

ВВл, СКТ/АКр

03-144/1-2025

Потпис на застапникот

15.09.2025 година

-----------------------------

М.П.

Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС